Индекс на перцепција на корупција ИПК 2013
Најчесто поставувани прашања

Што преставува Индексот на перцепција на корупција (ИПК)?
ИПК ги рангира и бодира земјите/територииите врз основа на проценетата корупција во јавниот сектор на државата. Тоа претставува композитивен индекс, комбинација на анализи и проценки на корупција, собрани од повеќе реномирани институции.ИПК претставува најраспространет индикатор кој се користи за мерење на корупција ширум светот.

Зошто ИПК се базира само на перцепции?
Корупцијата генерално се состои од нелегални активности, кои се намерно скриени и само се обелоденуваат преку скандали, истраги или обвинениј а. Не постои единствен начин за да се процени апсолутното ниво на корупција во земјите или територииите врз основа на строги емпириски податоци. Обиди се направени , како што е споредувањето на пријавените поткупи, бројот на донесени обвинениј а или истражување на судски случаји директно поврзани со корупција, но не може да се земат како конечен индикатор за мерење на нивото на корупција. Наместо тоа, тие всушност покажуваат колку ефикасно работат обвинителите судовите или пак медиумеите во однос на корупцијата. Утврдувањето на перцепциите на корупција на овие показатели преку приказ на проценките на јавниот сектор преставува најсигурен метод на спроведување на релативното ниво на корупција во сите земји.

Кои земји/територии се вклучени во Индексот 2012 година и зошто?
Земја или територија за да бидат вклучени во рангирањето, треба да бидат вклучени во најмалку три извори на податоци на ИПК. Ако земјата не е преставена во рангирањето, тоа е поради недоволните информации за анализа, а никако како индикација дека корупција не постои во земјата. Оваа година 177 земји и територии се вклучени во индексот. Во 2012 година беа 176. ЦПК во 2013 година сега го вклучи и Јужен Судан.

Кои се изворите на податоци на ИПК?
ИПК во 2013 доставува извори на податоци од независни институции специајлизирани во областа на управување и анализа на бизнис климата. Изворите на информации кои се користат за ИПК 2013 се засновани на податоци собрани во последните 24 месеци. ИПК вклучува само извори кои обезбедуваат резултат на еден утврден број на земји/територии каде што се мерат перцепциите на корупција во јавниот сектор. Транспаренси интернешнл ја разгледува методологијата на секој извор на податоци во детали за да се осигура дека искористените извори на податоци се во согласност со стандардите на квалитет на ТИ. За целосна листа на извори на податоци, типот на испитаници и конкретни прашања, ве молам погледнете го ИПК документот со опис на изворот.

Која е разликата помеѓу рангирањето на земја/територија и нејзината оценка?
Оценката на една земја/територија ја покажува перцепцијата на нејзиното ниво на корупција во јавниот сектор на скала од 0-100, каде 0 значи дека земјата се перцепира како високо коруптивна и 100 дека земјата се перцепира како многу чиста. Рангирањето на земјата ја покажува нејзината позиција во однос на останатите земји/територии вклучени во индексот. Редниот број може да се промени само ако се промени бројот на вклучените земји во индексот.

Дали земјата/територијата со најниска оценка е најкорумпиранта држава во светот?
Не. ИПК е индикатор на перцепција на корупцијата на јавниот сектор т.е. административната и политичката корупција. Тоа не преставува оценка на сите нивоа на корупција на сите нации и општества, или пак на нивните политики или активностите на нивниот приватен сектор. Граѓаните на овие земји/територии кои се оценети со најниска оценка односно се на дното на ИПК многу често покажуваат ист интерес и осуда на на корупцијата како јавноста во земјите каде перформансите се јаки.
Понатаму, земјата/територијата со најниска оценка е онаа во која корупцијата на јавниот сектор *се смета за најголема од оние вклучени во листата*. ИПК не дава инфорамции за земји/територии кои не се вклучени во индексот.

Дали може оценката за земјата во 2013 за Индексот на перцепција на корупција да се споредува со претходната година?
Да. Како дел од ажурираната методологија користена за да се пресмета ИПК во 2012 ние формиравме нова скала од 0-100. Користејќи ја оваа скала ние можеме да ги споредуваме ИПК резултатите на една со друга година. Поради промената на методологијата од минатата година, ИПК резултатите пред 2012 не се споредуваат низ годините.

За поголем детален опис на минатогодишната промена на методологијата, ве молиме погледнете: Corruption Perceptions Index – An updated Methodology for 2012.

Кои земји се подобри/опаднаа во однос на ИПК оваа година?
Најголемите подобрувања на ИПК оваа година се: Мјанмар, Брунеи, Лаос, Сенегал, Непал, Естонија, Грција, Лесото и Латвија. Најголеми опаѓања имаат: Сирија, Гамбија, Гвинеја-Бисау, Либија, Мали, Шпанија, Еритреја, Маврициус, Јемен, Австралија, Исланд, Словенија, Гватемала, Мадагаскар и Република Конго.

Дали ИПК ја кажува целата приказна за корупцијата во една земја?
Не. ИПК има ограничен распон, опфаќајќи перцепции на проширена перцепција во јавниот сектор, од перспектива на бизнис заедницата и експерти на земјата. Надополнувањето на оваа гледна точка и опфаќањето на различни аспекти на корупција, Transparency International дава еден спектар на квалитативни и квантитативни истражувања на мрежата на Транспаренси Интернешнл како преку неговиот Секретаријат и на национално ниво преку мрежата на Транспаренси Интернешнл националните ограноци со седиште во над 90 земји низ светот. Ова истражувачко тело обезбедува сеопфатна слика на скалата, овозможувајќи увид на ширењето и динамиката на корупцијата во целиот свет. Исто така, служи за мобилизирање и поддршка на цврсти докази ефикасно прилагодени на реформите во политиката.

Надополнувањето на ИПК , портфолиото на глобално истражување на Транспаренси Интернешнл вклучува:

- *Барометар на Глобална Корупција (БГК)*: Мерење на перцепциите и искуствата на луѓето, БГК преставува репрезентативна анализа на повеќе од 114.000 домаќинства во 107 земји. Најновиот резултати на барометарот на глобална корупција за (2013) може да се најдат: http://www.transparency.org/gcb2013/

- *Индекс на Мито консументи* (ИМК): Мерењето на понудата во меѓународните бизнис трансакции, ИМК ги рангира земјите лидери- во извозот врз основа на нивните можности фирмите да организираат поткуп надвор од земјата. Ова се базира врз основа на анализата на раководните лица на меѓународните бизниси опфаќајќи ги нивните перцепции на бизнис практитките на странски фирми во нивната земја. Најновиот ИМК може да се најде на http://bpi.transparency.org/bpi2011/

- *Извештај на Корупција на Глобално Ниво (ИКГН):* Истражувањето на корупцијата во детали за специфични прашања и сектори, ИКГН преставува тематски извештај кој се базира наразлични стручни истражувања и анализа, како студии на случај. ИКГ покрива прашања од судство до климатски промени. Тие може да се најдат на: http://www.transparency.org//gcr_education

- *Проценка на Нациналниот Интегративен Систем (НИС)*: серија на студии кои даваат широка квалитативна проценка на јаките и слабите страни на клучните институции кои овозможуваат добро владеење и превентираат корупција во земјата. За повеќе информации за НИС ве молам погледнете на: http://www.transparency.org/whatwedo/nis

- *Изввестување за Транспарентност во Корпоративен Сектор (ИТКС):* Студиските анализи за степенот на трансапрентност во известувањето на серија на анти-корупциски мерки од најголемите светски компании. За повеќе информации ве молам погледнете на http://www.transparency.org/whatwedo/pub/transparency_in_corporate_reporting_assessing_the_worlds_largest_companies